**Известување за концентрација со која Луфтханза Техник АГ од Германија ќе стекне самостојна контрола над ЛГ-ЛХТ Еиркрафт Солушнс ГмбХ, Германија, ЛГ-ЛХТ Песинџер Солушнс ГмбХ, Германија и АерКју Гмбх, Германија**

**(предмет бр. 08-86 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 20.05.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Луфтханза Техник АГ со седиште на Вег бајм Јеагер 193, 22335, Хамбург, Германија ќе стекне самостојна контрола над врз следниве субјекти:

- ЛГ-ЛХТ Еиркрафт Солушнс ГмбХ со регистрирано седиште на ул. Хинденбург 162, 22297 Хамбург, Германија,
- ЛГ-ЛХТ Песинџер Солушнс ГмбХ со регистрирано седиште на ул. Хинденбург 162, 22297 Хамбург, Германија, и
- АерКју Гмбх со регистрирано седиште на ул. Хинденбург 162, 22297 Хамбург, Германија.

Во моментов, целните друштва се заеднички контролирани од ЛХТ и ЛГ Електроникс Инц (Предложената трансакција ќе доведе до промена на контролата (т.е. заедничката контрола на ЛХТ заедно со ЛГЕ ќе се промени во самостојна контрола од ЛХТ) и зголемување на содружничкиот удел на ЛХТ во Целните друштва.

ЛХТ е глобална компанија регистрирана во Германија, со седиште во Хамбург и дел од групацијата Луфтханза. ЛХТ е глобален снабдувач на услуги за одржување, поправка и ремонт за авиони, мотори и компоненти, како и развој, дизајн и снабдување на системи за управување со кабината и забава во летот. Се состои од 30 погони кои нудат технички авијациски услуги на клиентите ширум светот, вклучувајќи Производители на оригинална опрема, компании за лизинг на авиони, оператори на (В)ВИП авиони, влади и вооружени сили, како и авиокомпании.

Групацијата Луфтханза нема зависни друштва во Северна Македонија.

Целните друштва се активни во областа на СУК и СЗЛ само за комерцијални авиони, особено во дизајнот, производството, одржувањето и продажбата на софтвер и хардвер за кабини на авиони, електронска опрема, како и системи за осветлување, сензори, камера и приказ (*display*) за комерцијални авиони. Целните друштва не се ангажирани со СУК и СЗЛ за деловни, ВИП или владини авиони.

Целните друштва немаат било какви активности во Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

23.05.2024 година

Скопје